**20262203574**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 27 став (1) алинеја 4 од Законот за возила („Службен весник на Република Македонија“ бр. 140/08, 53/11, 123/12, 70/13, 164/13, 138/14, 154/15, 192/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 87/23, 148/25, 160/25, 258/25, 58/26 и 145/26), министерот за внатрешни работи донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПЕЧАТОТ СО КОЈ СЕ ВРШИ ЗАВЕРКА НА ИЗВРШЕНАТА РЕГИСТРАЦИЈА И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛОТО ВО СООБРАЌАЈНАТА ДОЗВОЛА

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата и содржината на печатот со кој се врши заверка на извршената регистрација и продолжување на регистрацијата на возилото во сообраќајната дозвола.

Член 2

Печатот со кој се врши заверка на извршената регистрација и продолжување на регистрацијата на возилото во сообраќајната дозвола, се втиснува со темно сино мастило.

Член 3

(1) Печатот од членот 2 од овој правилник, има форма на круг со дијаметар од 20 милиметри.

(2) Во средината на кругот од ставот (1) на овој член, е втиснат грбот на Република Северна Македонија, во првиот ред е испишан текстот „Република Северна Македонија“ и градот, во вториот ред „Министерство за внатрешни работи/овластено правно лице за продолжување на регистрација на возила“, а во третиот ред е испишан бројот кој го означува бројот на издадени печати за организациската единица на Министерството за внатрешни работи, односно овластеното правно лице за продолжување на регистрација на возила која ракува со печатот.

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за формата и содржината на печатот со кој се врши заверка на извршена регистрација на возило во сообраќајната дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/09).

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1.1-194351/1
18 септември 2026 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Панче Тошковски,** с.р.